ДО:

-Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, г-дин Љупчо Коцевски

-Јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, г-ѓа Лиле Стефанова

ПРЕДМЕТ: Известување за вршење притисоци од страна на Вишиот јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје Мустафа Хајрулахи и запознавање со начинот на распределба на предмети

Од Ружица Слезенковска-вработена во Основното јавно обвинителство Скопје(претходно вработена во Вишото јавно обвинителство Скопје)

Почитуван Јавен обвинител на Република Северна Македонија. И писмено сум ви се обратила и лично сум ве известила за однесувањето на Вишиот јавен обвинител на Вишото јавно обвнителство Скопје Мустафа Хајрулахи, сметајќи дека треба вие како прв човек во јавнообвинителскиот систем треба да реагирате.

Почитувана Обвинителке Лиле Стефанова, вам ви се обраќам како координатор за подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје. Неодамна извршивте надзор врз работењето на ВЈО Скопје, за кој не знам дали е завршен, но сметам дека треба да бидете запознаени со одредени работи кои ќе бидат образложени во овој писмен поднесок.

Вработена сум во Вишото јавно обвинителство Скопје од 2015 година, поточно како волонтер во таа институција сум од 29 мај 2014 година, а потоа на оглас во 2015 година бев примена во ВЈО Скопје со договор за вработување, се до почетокот на 2024 година а потоа конкурирав за стручен соработник во ОЈО Скопје на кој оглас бев примена. Во ВЈО Скопје со договор за вработување од 2015 година бев примена на работно место доставувач но моите работни обврски беа најпрво водење на уписник КОЖ а потоа водење на уписник РО.

Можам да кажам дека со ниту еден од шефовите на ВЈО Скопје не сум била во конфликт вклучувајќи го и Мустафа Хајрулахи со кого имав коректен однос, се до моментот додека не дознав дека истиот на обвинителката Фатиме Фетаи на нејзиниот прв работен ден во ВЈО Скопје и кажал да се пази од мене бидејќи јас сум продавала предмети за 500 денари, што е контрадикторно со тоа што тој единствено со мене соработуваше за сите негови важни работи вклучувајќи следење на предмети кои се од важност за него, доделување на предмети на одредени обвинители во сите 3 уписници па дури и пречекување на неговите важни гости. Кажано ми беше дека и на претходниот републички јавен обвинител Љубомир Јовевски во присуство на обвинителите Фатиме Фетаи и Сашо Рајчев , обвинителот Мустафа Хајрулахи кажал дека јас имам изнесено некои записници од ВЈО Скопје и сум ги предала некому бидејќи сум продавала

предмети. Верувам дека тој како носител на јавна функција би требало да има докази за неговите наводи по однос на мене и до сега веројатно би повел и постапка против мене. Неговиот однос кон мене конкретно се промени со самото тоа што дознал дека јас сум блиска пријателка на обвинителката Фатиме Фетаи, што е и вистина, и во многу наврати пробуваше да ме оттргне од неа велејќи дека таа не е добра за мене и дека јас треба да внимавам кому верувам и со кого седам и се дружам. Пред околу две години тој ме повика во неговата канцеларија за да ми каже дека на интернет била објавена слика со мене и обвинителката Фатиме од Белград каде што ние и бевме викендот и ми напомена дека сме го рушеле угледот на институцијата. Повторно ми рече да се тргнам, дека сум млада дека треба да напредувам во кариерата и дека треба да внимавам со кого се дружам. Ми кажа дека ке ме стави на ПИМ мерки, дека ќе ме прати да работам долу на приземје каде што работат машките за да видам како се работи во такви услови. Со оглед да постојано ме викаше во неговата канцеларија и ми вршеше притисок да не се дружам приватно со обвинителката Фатиме со која тој како што рече имал нерасчистени работи сакал и да ме симне во ОЈО Скопје. Со текот на времето неговиот однос со мене конкретно станувaше се полош. Често знаеше да ме повика во неговата канцеларија за да ми каже дека имал докази дека јас сум продавала предмети со некои адвокати, на што јас му велев дека тоа навистина не е точно а доколку смета тој дека е така треба да поведе дисциплинска постапка. Ако навистина јас сум правила такви криминални дејствија како што тврди и не сум била човек од доверба зошто во два наврати би ми предложил да бидам негова секретарка велејќи ми дека неговата сегашна секретарка му го грди обвинителството и дека време е тоа да се разубави. Неговите две понуди јас ги одбив по што тој си донесе секретарка од ОЈО Скопје. При секое негово повикување во неговата канцеларија, мене и на другите колешки ни упатуваше закани дека ќе не избрка од работа и се колнеше во Господ, неговите деца и гробот на татко му. Во еден наврат мене лично ми кажа дека колешката Несиме е таа која што продавала предмети. Истото и го кажал и на Валентина Калиновска. Дури во една прилика ме повика од дактило биро каде што пиевме кафе со колешките, и пред лифтот ми кажа дека кога тој ќе ми кажел да следам некој предмет тоа и сум требала да го направам. Меѓутоа денот кога тој предмет стигнал во ВЈО Скопје јас не сум била на работа па затоа бил заведен кај обвинител кај кој очигледно не требало да биде заведен. Револтот најмногу ми произлегува од ширењето на лаги за мене од негова страна и токму затоа и во овој писмен поднесок ќе објаснам а и ќе доставам докази дека јас не сум таа која што продава предмети. Конкретно ќе го спомнам предметот за 27 април за кој тој ме повика кај него во канцеларија и ми кажа да се даде кај обвинителката Валентина Стојановска. Во тој период јас не бев вработена во ВЈО бидејќи договорот не ми беше продолжен но јас повторно како волонтер продолжив да одам на работа. Еден ден таа недела не бев отидена на работа и тој преку секретарката ме побарал и таа ми се јави да ми каже по што јас му напишав порака на вибер дали е нешто итно и го известив дека утре ќе дојдам на работа. Утрото тој ме виде и налутен ме повика во неговата канцеларија и започна да ми се обраќа со повисок тон како сум можела да ја известам обвинителката која тогаш се сеќавам беше на боледување дека предметот и е даден неа. Пробав да му објаснам дека јас не сум се ни слушнала со обвинителката и не сум и кажала нешто такво. Но тој ми се обрати со зборовите...бидејќи веќе не си вработена кај нас не сакам да те гледам во ВЈО а ако има оглас и ако конкурираш тогаш можеш да се вратиш, нормално ако бидеш избрана. Бев запрепастена од неговиот однос и обвинувањата а кратко после тоа и колешките Жаклина и

Бистра која го водеше КОЖ уписникот тој период ми кажаа дека и на нив исто им се обратил за истата работа. Колешката Бистра поради тоа беше симната да работи на примено во приземје на зградата и и беше кажано дека горе може да се качи само за да се потпише. Од претрпен стрес после кратко време таа замина на боледување околу 3 месеци, за што детално може да ви објасни доколку ја повикате и сметате дека има потреба. На колешката Бистра која го водеше уписникот КОЖ преку мене а некогаш и неа лично и кажуваше кои предмети кај кои обвинители треба да се заведат. Истата е спрема и лично да ви каже.

Во изминатите 2 години лично и преку вибер комуникација бараше определени предмети, дали се стигнати, дали се заведени и кај кого, доколку не се заведени да се заведат кај определени обвинители а имаше и ситуации каде што и веќе заведени предмети кои не се предадени кај јавен обвинител да се заменат односно да се направи рокада и на тој обвинител кај што е заведен предметот да му се даде друг предмет. Пред да поднесе пријави против обвинителите Фатиме Фетаи и Сашо Рајчев ме повика во неговата канцеларија и ми кажа дека ова треба да остане помеѓу нас, дека имал докази за двајцата обвинители дека нарачувале текстови за него преку Марјан Доказ и дека обвинителот Сашо Рајчев ќе го избрка до крајот на септември месец а обвинителката Фатиме Фетаи до крајот на декември месец.

Неговото однесување конкретно кон вас потписниците на писмениот поднесок е поради нашата приватна дружба со обвинителката Фатиме Фетаи. Колешката Бистра бидејќи имаше коректен однос со обвинителот Сашо Рајчев телефонски го известила дека има притвор бидејќи тој бил на судење, по што шефот ја викнал во неговата канцеларија и со висок тон и кажал како смеела да направи такво нешто и да контактира со него. Нашиот начин на работа вклучува и комуникација со сите обвинители без разлика дали некои од нив не се во добри односи со него.

Крајно нечовечко беше неговото однесување пред околу месец и половина кога ме виде во ВЈО Скопје на пауза пиејќи кафе со колегите и црвен во ликот и со висок тон ми се обрати дека ако уште еднаш ме види во просториите на ВЈО Скопје со мене ќе се разбере на поинаков начин. Од тогаш имам забрана за движење на 6-тиот кат поточно каде што се наоѓаат просториите на ВЈО. За ова однесување лично го известив републичкиот јавен обвинител.

Откако дознал за писмениот поднесок со закани вршел притисоци на моите колешки да ме наведат мене во писмото односно дека биле изманипулирани од мене. Изречно барал да се напишат изјави во кои ке стои моето име и името на обвинителката Фатиме и не прифаќал изјави кои не го содржат тоа. Најголем притисок вршел врз Данила Лапе која во текот на таа недела секојдневно повеќе пати во текот на денот била повикувана од него и и бил вршен притисок и и било кажувано дека има рок до крајот на работното време да напише изјава со нашите имиња. И било кажано дека “Гаврил наркоманот ли очекувате да ве заштити”, “Имаш сопруг имаш мало дете што ти требаше ова, ајде напиши си како што е и ќе заборавам”, “Знам се и дека приватно се дружите и се собирате ”, “Ако не напишеш изјава ќе те дадам на дисциплинска и ќе поведам спор на суд ќе барам оштета голема”, “до пензија ќе останам шеф и ДУИ ако дојде пак јас шеф ќе бидам”, “што корист имаш ти од Фата што ти ветила дека ќе ти даде за да се потпишеш на тоа” се само дел од работите кои тој период ми беа пренесувани од страна на колешките. Тие се

чувстуваат загрозено, стресно и незаштитено. Неговите закани и започнаа да се остваруваат. На 16.10.2024 година од страна на полномошникот на Мустафа Хајрулахи на работа ми беше доставено Барање за јавно извинување и јавно повлекување, и ни беа дадени 48 часа истото да го направиме во спротивно ќе биде поведена судска постапка. Зарем судска постапка се поведува за нешто што е точно и вистинито. За подигање на свеста кај сите со какви се проблеми се соочуваат вработените во ВЈО Скопје. Ниту јас ниту пак моите колеги немаме намера да се извиниме за нешто што е вистинито. Напишаното не преставува навреда а најмалку клевета. Очекуваме и да биде поднесена тужба против нас како и што им било кажано на моите колешки. На Даниела Лапе веќе и е дадена опомена пред поведување на дисциплинска постапка како и што и беше кажано.

Институциите до кои го доставивме писмениот поднесок не преземаа никакви мерки за наша заштита затоа напоменувам дека е од исклучително значење веќе нешто да се преземе бидејќи работите стануваат се полоши и полоши. Следете ги и статусите на апликацијата Whatsup на кои Мустафа Хајрлахи често објавува слики со шах, со прстенот со кој покажува некаква си моќ со натписи "Један мање који је следечи". Па верувам дека од досега кажаното можеме да заклучиме за каква личност станува збор.

Лично му испратив поднесок во кој детално му го објаснувам текот на составувањето на Барање за преземање на мерки против него, со оглед да јас не бев повикана да напишам било каква изјава што се поклопува со фактот што тој барал баш моето име и името на Фатиме да стои во изјавите. На Даниела лично и кажал дека тој борбата ќе ја продолжи со мене, па во тој контекст очекувам дополнителни работи кои веројатно допрва ќе се случуваат против мене. Заинтересирана сум особено за тоа што тој кажал дека знае се за нашиот приватен живот, па се прашуваме дали тој нас не прати и дали ние треба да се чувствуваме загрозени.

За крај, запрепастена сум од изјавите дадени од страна на Вишиот јавен обвинител дека наводно нему му се врши мобинг, а не нам, иако состојбата веќе ви е јасна, кој кому врши притисок.

Подносител

Ружица Слезенковска

Скопје,

21.10.2,24 година

Прилог: Копија од Барање за преземање итни мерки од 19.07.2024 година, копија од Барање за јавно извинување и јавно повлекување, копија од писмен поднесок доставен до ВЈО Мустафа Хајрулахи и испринтани вибер разговори како доказ за распределба на предмети